**Виолета Ачкоска**
**Институт за историја**
**Филозофски факултет-Скопје**

# ДРЖАВОТВОРНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД АСНОМ ДО РАМКОВИОТ ДОГОВОР (1944-2001)

Првото заседание на АСНОМ од 2 август 1944 година, референдумот за самостојност на Република Македонија од 8 септември 1991 година и Рамковиот договор од 13 август 2001 г. претставуваат три пресвртни настани во историјата на современата македонска држава. Се работи за три навидум различни историски ситуации кои можеме да ги ставиме во подзнакот на еден заеднички именител - државотворноста на македонскиот народ. Тргнувајќи од тој заеднички именител, неизбежна е и паралелата помеѓу овие историски настани, кои одиграле решавачка улога во конституирањето и реконструирањето на македонската држава. Во оваа паралела, на АСНОМ-ската национална програма и визија, на која се надоврзува чинот од 1991 година, се спротивставуваат анационалните, за македонскиот народ, рамкови клаузули. Зашто ако во историската наука сме прифатиле ретроградно враќање во историјата, црни дупки итн. тогаш, Рамковиот договор претставува изразито враќање во веќе направениот историски чекор, во веќе изодениот пат на државотворноста на македонскиот народ, како чин со кој се деструира македонската држава.

Потпишувајќи го Рамковиот договор, лидерите на (во моментот) најбројните политички партии, го елиминираа Уставот на Република Македонија и нејзиниот суверенитет, без да имаат ниту историско право ниту легитимитет од народот да го направат тој чин[1]. Апсурдно е тоа што наспроти демократската реторика,

[1] Рамковниот договор беше изготвен на англиски (американски) јазик и тоа е единствената автентична верзија. Тргнувајќи од принципите за отфрлање на насилството како средство за постигнување на политички цели, во него, помеѓу другото се предвидуваше: 1. нова Преамбула на Уставот на РМ, а од старата се изоставени, меѓу другото "уставноправниот континуитет на македонската држава", "македонски народ" и "граѓанска и демократска држава", 2. се менуваа одредбите на јазикот, 3. македонскиот народ наместо државотворен народ станува "мнозинска заедница" која својата држава треба да ја преуредува според барањата на "малцинската заедница".

како дикатат на меѓународната заедница, овој договор беше резултат на добро координираното насилство увезено од Косово[2] и дипломатска акција на повеќе албански политички лидери за постигнување на нивните долгорочни интереси на Балканот: формирање на етнички чиста албанска ("голема") држава. Тоа во практиката го покажа т.н. ОВК која го спроведуваше етничкото чистење на Македонците чии домови беа опожарени, а ретки споменици на македонската култура разурнати. Етничкото чистење продолжи и по склучувањето на Рамковиот договор, заради што овој договор може да се смета само како тактичка предност на албанските политички лидери и етапа во нивната борба за "Голема Албанија"[3].

Во август 2001 година, на едно место, во еден документ, во името на македонскиот народ, неговите т.н. политички лидери ја потпишаа новата Призренска политичка платформа на големоалбанската идеја. Македонците, Турците, Ромите, Србите и другите граѓани на Македонија кои не припаѓаат на (околу) 20-тината проценти етнички Албанци се најдоа задушени во процепот на концепцијата за двонационална држава. Најголемиот број од граѓаните на Република Македонија со различно етничко потекло имаат своја национална држава, своја матица, додека на македонскиот народ, неговите политички водачи му го одзедоа правото не само на национална држава, туку и на граѓанска и она мало парче од етно-географскиот простор на кое ја формира својата држава после сите трагични делби и грабежи на соседите и физичкото и духовното уништување што ги доживеа во XX век: балканските војни, Првата светска војна[4], Втората светска војна, етнички чистења, колонизации, асимилации итн.

---

[2]Види за тоа: Бабановски И., ОНА - терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје 2002, 207-208

[3]Види Ачковска В., Идејата за "Голема Албанија" и некои демографски промени во Западна Македонија во XX век, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 1999, 123-131.

[4]По балканските (1912-1913 и Првата светска војна (1914-1918) Македонија беше окупирана од нејзините соседи. По завршувањето на Првата светска војна, во Неји во Франција на 27.11.1919 година биле санкционирани одредбите на Букурешкиот договор од 1913 година, со мали корекции. Територијата на Македонија чии географски граници опфаќале 67 741,2 км била поделена на соседните балкански држави: на Кралството Грција ѝ припаднал најголем дел, 35, 169 км$^2$, на Кралството СХС 25 774 км2, на Бугарија 6 798 км$^2$ и еден мал дел од територијата на Македонија останал во границите на Албанија (Катарџиев И., Историја на македонскиот народ, том четврти, ИНИ, Скопје 2000, 131).

Меѓународниот фактор, и тогаш и сега, играше клучна улога во кроењето судбината на балканските и малите народи воопшто. Во името на заштита на некави повисоки интереси, или зад демократска реторика во годините на појавата на студената војна, беше неверојатно рамнодушен на ѕверствата на грчката десница кон Македонците, единствено заради потребата да се зачува рамнотежата на силите на Балканот[5]. Во 2001 година класичниот тероризам и агресија од Косово ги прогласи за наводна борба за човекови права. Наводната заштита на правата на Албанците одеше до најсрамниот чин на либералната демократија, која наместо крајот на историјата што така ексклузивно го најави Френсис Фукојама, го донесе крајот на демократијата и исклучивото право на диктат на посилниот во меѓународните односи - бомбардирањето на Југославија и попречувањето на Република Македонија да го брани сопствениот суверенитет: со наводната формула за реципрочно возвраќање.

Во годините на конституирање на новата политичка карта на светот по Втората светска војна, западната дипломатија настојуваше, по секоја цена, да спречи било какво решение за Македонија кое би одело на штета на грчките државни интереси и националистичка политика[6], што се повтори и по 1991 година во апсурдниот "спор со името" со соседна Грција. Во 2001-та т.н. олеснувачи, посредувачи, емисари итн., ја олесиија Република Македонија за голем дел од нејзиниот суверенитет. Едно останува исто. И тогаш и сега, страдањето и егзодусот на македонскиот народ не допреа до наводните застапници за заштита на човековите права на Косово и во Македонија.

Се случи повторување на историјата како фарса, но многу трагична за оние Македонци кои останаа без свои домови, кои во

[5]Повеќе извори зборуваат за трагичниот биланс на борбата за демократијата во Грција, во периодот 1945-1948 година. Во таа борба голорак, македонскиот народ истовремено "стана да го брани својот опстанок и кога тој нерамен бој заврши, зад себе остави над 10 000 убиени, исто толку затворени и интернирани (осудени или неосудени од преките грчки воени судови) по грчките затвори и сувите острови и преку 50 000 бегалци и емиграција во ФНРЈ и источните земји" (ДАРМ, фонд: Републички Главен Одбор на ССРНМ - Скопје, к-39, Секретеријатот на Главниот одбор на Здружението на Македонците од Егејска Македонија, До Извршниот совет на ФНРЈ, 10.8.1953).

[6]Види: Велика Британија и Македонија 1945-1948, зборник на документи, редакција и коментар, Чепреганов Т. ИНИ, Скопје, 1996; Македонците во југословенско-грчките односи, Документи 1950-1953, Избор, превод и редакција: Пановска. Л., Чепреганов Т., Том II ДАРМ, Скопје 2001.

сопствената држава беа жртви на големоалбанското етничко чистење, кои на прагот на дваесет и првиот век немаат татковина. Во бесконечната игра на преговарачи, договарачи, надворешни и внатрешни партнери, итн. се најдовме на Сизифовиот пат, врзани во Гордиевиот јазол. И токму во таа маглива неизвесност за иднината блеснува историската поука од 1944-та, како историско творештво на времето и на личностите во него, кои имале визија, национална цел, слух за долгорочните интереси на својот народ, сето она што го поседуваше Ченто; личности кои над своите лични интереси и политичка идеологија го ставале историското право, иднината и опстанокот на сопствениот народ.

Учествувајќи во големата антифашистичка борба во текот на Втората светска војна, македонскиот народ од вардарскиот дел на Македонија се избори до положбата на конституитивен субјект на новата југословенска држава. Со решенијата на Второто заседание на АВНОЈ (29.11.1943) беше отворен патот за сите конституитивни народи на втора Југославија кон нивно државотворно конституирање, посебно ако се има предвид фактот дека некои од овие народи (Хрвати[7], Словенци, Македонци), за прв пат во современата историја формираа свои национални држави во рамките на новопрогласената федерација[8].

Втората светска војна донесе многу промени во однос на носителите на борбата за реализирање на националните стремежи на југословенските народи. Притоа, наместо националната буржоазија која беше развластена и политички отстранета (или пак други национално-ослободителни субјекти) разрешувањето на националното прашање го презедоа комунистите. Воспитувани во коминтерновски дух, наспроти национализмот како нормално чувство на идентитет, го пласираа интернационализмот и класната борба во која класното се наметна над националното.

Врз таа основна идеолошка оска се случи и првиот судир помеѓу интересите на КПЈ и Македоците (комунисти и

---

[7] Според некои хрватски историчари, хрватскиот народ својата државност почнал да ја остварува уште со формирањето на Бановина Хрватска, но морнархистичка Југославија, "злокобно признат во Хитлеровото Ниво европско устројство - НДХ "во авнојската федерација само делумно ги остварил своите национални цели: целосна национална самостојност (Види: Туѓман Ф., Историската судба на народите, ИНИ, Скопје, 1998, 359).

[8] Odluka Drugot zasedawa AVNOJ-a izgradwi Jugoslavije na federnativnom principu, 29 novembra 1943, Službeni list DFJ, 1/1945.

некомунисти) кои се залагаа за интегрално решавање на македонското национално прашање преку обединување на македонскиот народ и негово државотворно конституирање. Наспроти таквите македонски стремежи, централните раководни кадри на КПЈ бараа од Македонците во деловите на Македонија приклучени кон Бугарија и Грција да водат револуционерна (класна) борба под раководството на тамошните комунистички партии.

На тој начин, разрешувањето на македонското национално прашање се сведе на класно прашање, на прашање кое треба да се разреши со победата на социјализмот во секоја од тие држави, а македонскиот народ наместо обединување, да добие статус на призната нација (јазик, култура). Со тоа стана јасно дека КПЈ го прифаќа постојниот статус кво на Балканот во однос на македонското прашање, нудејќи му на делот од македонскиот народ рамноправност со другите народи во Југославија, кое беше инаугурирано и во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ.

Додека за КПЈ и дисциплинираните македонски комунисти, македонското прашање беше решено, за Ченто и неговите истомисленици тоа беше само етапа, чекор кон конечното разрешување на ова прашање. Согледувајќи ги правилно целите на антифашистичката НОАВ, дека таа е "општонародна и за демократизам", "макар да има и комунисти во партизаните", Ченто нагласува дека "слободна Македонија во нова федеративна Југославија е свршен факт", барајќи обединување на "сите политички сили што мислат добро за Македонија", зашто, "сметаме дека е време да се бориме да се обедини цела Македонија"[9]. Овие залагања на Ченто одеа малку подалеку од концептот за класното решавање на македонското прашање на Балканот.

На Првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 година, беше прогласено создавањето на Демократска Федерална Македонија, држава на македонскиот народ формирана на дел од неговата етно-географската територија. На заседанието беа донесени девет законодавни акти, со кои се ставени темелите на новата современа македонска држава. Меѓу овие акти, како документ со повеќестрано значење, посебна важност има

[9]Методија Андонов Ченто - документи, ДАРМ, Скопје 2002, док.42, 116

Решението со кое АСМОМ се прогласи за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија. Со овој акт кој има декларативно-политичко, уставноправно и управноправно значење, покрај историско-политичкото значење, де јуре се прогласи постоењето на првата современа македонска држава[10].

Особено значаен акт претставува Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија. Оваа Декларација, во услови на војна, прокламирала широк спектар на општоприфатени демократски права на граѓанинот, кои се предмет и на сите устави на демократските држави во чија основа се вградени слободите и правата на човекот и граѓанинот. Појдовна основа на Декларацијата е член 1 според кој: "сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, раса и вероисповед"[11].

Одтука произлегувале сите други политички, социјални, културни и економски права[12]. Од посебно значење за тогашните услови и како основа за подоцнежните уставни решенија е одредбата од Декларацијата со која на националните малцинства им се обезбедувале сите права на слободен национален живот. Оваа одредба не е само посебна верификација на утврдената рамноправност на граѓаните, туку означува и позитивен однос на државотворниот македонски народ како носител на државниот суверенитет спрема граѓаните кои немале такво својство. Малцинствата како припадници на народ кој има своја држава не можат, според теоријата и меѓународно утврдените норми, да бидат државотворен народ и во друга држава, зашто тоа би значело да имаат две држави. Меѓутоа, тоа не значи дека малцинствата немаат право на слободен национален живот и право на рамноправност како граѓани еднакви со државотворниот народ.

---

[10] Види: Велјановски Н. АСНОМ државотворни димензии, Скопје 1994,102

[11] АСНОМ, документи, 1,1,157

[12] Тука спаѓале: слобода на вероисповед, совест, слобода на говор, печат, собирање, избирачко право на сите граѓани и граѓанки со наполнети 18 години освен оние кои се осудени за кривично дело и сепротив Народноослободителната антифашистичка борба. Изборното право избирачите на демократкска Македонија го вршат со тајно гласање врз основа на општо, еднакво, непосредно и лично изборно право, а на секој граѓанин му се гарантира правото на жалба, како и правото на молба и поплака кај сите државни власти.

Со Декларацијата, на националните малцинства им се обезбедувале сите права на слободен национален живот. Вака поставената рамноправност на националните малцинства, беше доразработена и инаугурирана во сите републички устави, до последниот Устав, донесен по осамостојувањето на РМ во 1991 година. Така уставите од 1946, 1953, 1963, 1974 и 1991 ги регулираат правата на малцинставата со целосно почитување на европските стандарди и меѓународните конвенции[13]. За подигање на поголем степен на национална рамноправност, наместо терминот *национални малцинства*, во почетокот на 60-тите години, се воведува нов термин - *народност*[14].

АСНОМ на своето Прво заседание донесол и решение со кое македонскиот јазик се подигал на степен на службен јазик на македонската држава, што имаше државотворно значење бидејќи државноста на една земја не е замислива без постоењето на службен јазик во нејзината државна администрација. Ова решение има двојно значење, и тоа: прво, го потврдува идентитетот на македонскиот народ како носител на државниот суверенитет и единствен конституитивен елемент на македонската држава и, второ, ја исклучува двојазичноста на државната територија на Македонија.

Тоа во никој случај не значело негирање на правата и јазиците на малцинствата чија употреба ќе биде регулирана со

[13] Генералниот секретар на федералната Унија на европските националности и области. Пол Скадегард, по посетата на "грчка и југословенска" Македонија во 1955 г., поднесува извештај на конгресот на Унијата на Кардиф (5-8 мај 1955 г) каде наведува: "...Главно мојот впечаток за југословенска Македонија е овој: правата на малцинствата се многу повеќе респектирани и пазени од југословенските власти... Секој локален јазик може да се употребува дури и пред властите, а фактички се употребува секој ден. Секој припадник на едно малцинство може да биде службена должност, а политички прогони поради јазикот, расата, потеклото или исповеста не изгледа дека се употребуваат. Локалните власти изгледа дека се успешни и успешно во рацете на локалните граѓани... Во споредба со условите за живеење во Грција, без сомнение народните групации на југословенска Македонија уживаат многу поголема лична и културна слобода... "ДАРМ, Ф.Републички Главен одбор на ССРНМ, к-39, Извештај на Повл Скадегард за посетата на Македонија, 1955).

[14] Ова е инаугурирано и во Уставот на Социјалистичката Република Македонија од 1963 година, каде стои: "Припадниците на народностите - националните малцинства што живеат во Социјалистичка Република Македонија се рамноправни во сé и имаат исти права и должности како и Македонците" (член 72) (Види: Ачковска В., Меѓуетничките односи во Република Македонија 1944-1991 година. Предавања на XXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2002, 167-182.)

натамошните акти[15]. Меѓутоа, суш ната на ова решение се изразува во тоа што работата на си државни органи и други институции се врши на македонск јазик. Тоа значело дека постапките пред овие органи и институ ции се водат на македонски јазик, а на тој јазик се донесуваат и об авуваат сите прописи, акти и документи. На овој начин се настојувало да се изврши хомогенизација на населението (како граѓани на една држава) и се отстранувала потенцијалната опасност за гетоизирање на малцинствата со јазикот.

Покрај тоа, борбата на македонскиот народ за национална слобода и државност секогаш била неразделно сврзана со борбата за зачувување на сопствениот јазик, имајќи ги предвид пропагандите на соседните балкански држави и нивните настојувања за асимилација на македонскиот народ. Во оваа борба централното место му припадна на Илинденското востание 1903, заради што и 2 август беше прогласен за народен државен празник на македонскиот народ и македонската држава, како симбол на сите негови борби за конечно ослободување од туѓите владенија и за "создавање на слободна и суверена федерална македонска држава"[16].

[15] На пример, во анадманите XIV, XVII на Уставот 1963 стои: 1. На подрачјето на кои живеат припадници на народностите, во јавниот и општевствениот живот, јазиците и писмата на народностите се рамноправни со македонскиот јазик. Во општините на чие подрачје живеат припадници на народностите, одлуките и другите поважни акти на општинските собранија и на работните организации се објавуваат и на јазиците на народностите. Јавните натписи на овие подрачја се и на јазиците на народностите. Општевствено-политичките заедници се грижат за развојот на школството, печатот, радиото, телевизијата и културно-просветната дејност на јазиците на народностите; 2. Припадниците на народностите имаат, во согласност со закон, право на употреба на својот јазик во остварувањето на своите права и должности, како и во постапката пред државните органи и организации што вршат овластувања... "Народностите и етничките групи имаат право да го употребуваат знамето на народноста, односно на етничката група.

[16] Денот Илинден симболично го одразувал континуитетот на македонската национална-ослободителна борба. Тој континуитет се гледа и во составот на Првото заседание на АСНОМ во кое "се најдоа претставници на трите генерации во борбата за национална слобода на македонскиот народ: од илинденскиот и постилинденскиот период, од меѓувоениот период во борбата против великосрпската, великобугарската и великогрчката хегемонија и од периодот на народноослободителната и антифашистичката војна" (Фиданова С., Некои аспекти на прашањето за проширување на полтичката основа на АСНОМ, "АСНОМ педесет години македонска држава =, МАНУ-ИНИ, Скопје 1995, 121).

По прогласувањето на Демократска Федерална Македонија "македонскиот народ влегува како национално ослободен и рамноправен член во нова, демократска и федеративна Југославија". Прашањето за обединување на македонскиот народ како најгорливо и најважно прашање за Македонците било поврзано со нивното "учество во гигантскиот антифашистички фронт", но и дека тоа ќе се изврши "под покровот на Титова Југославија". На вардарскиот дел на Македонија му се давала улогата на Пиемонт во таа борба[17].

Асномските прогласи ја одразувале незгасливата надеж на Македонците од сите делови на поделена Македонија, дека ќе дојде до нивно обединување, дека конечно Македонија, во нејзините етно-географски граници ќе биде држава на Македонците (во било каква федерална или конфедерална форма)[18]. За жал, и покрај желбите на бројни македонски национални дејци и учесници во Народноослободителната антифашистичка борба (национално-демократската струја), со оглед на водечкиот, централен субјект на борбата (КПЈ), основното Лениново начело за самоопределување на народите до нивно отцепување беше ограничено со "класната логика" на КПЈ (пројугословенската струја). Сепак, до изборот на првата Народна влада на НРМ најголемиот број од дејците на АСНОМ давале силен отпор на обидите на федералните органи од Белград за посилна централизација на Федерацијата и поставувале барања за поголема самостојност на Републиката во однос на Федерацијата.

Творците на современата македонска држава, свесни за историскиот чин на нејзиното создавање набрзо стануваат свесни и за неможностите да го релизираат повторното обединување на распарчената Македонија. Затоа, тие се стремеле кон поголема самостојност на ДФМ во однос на Федерацијата[19]. Оквалификува-

[17] АСНОМ, документи, 1,1,1,77-179

[18] Прашањето за обединување беше изразено и во говорот на Панко Брашнаров, при отворањето на Заседанието, каде тој, меѓу другото, истакнал" "Во овој момент,... душата ми е преполна со радост и премрежните очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица, заплискуваат е целата македонска земја, сакајќи да измијат од македонскиот народ десетвековниот ропски срам со пропаста на Самуиловата држава, за да се роди денеска нова, светла и македонска држава" (АСНОМ, документи, 1,1,108).

[19] Сметајќи ги ваквите стремежи опасни за монолисноста и цврстината на нова Југославија, Јосип Броз - Тито ги прекорува македонските кадри со забелешката дека "на партиската организација во Македонија треба да и се објасни што е федерација "Архив на ЦК СКЈ, ЦК СКЈ III/11, Сједница Политибироа ЦК КПЈ, Београд 1.IV.1945).

ни како сепаратисти и автономисти, Ченто и неговите истомисленици беа отстранети од југословенската политичка сцена[20]. Со тоа, тие со децении беа ставени во историските табу теми или премолчувани. Затоа, вистината за едно општесво, како што забележал Х. Е. Кар можеме да ја дознаеме токму од она што историчарите не го напишале или го премолчале.

Со изборот на првата Народна влада на Македонија, на чело со Лазар Колишевски на 16 април 1945 година[21], во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ[22], започнува период на партиско владење на "пролетерски кадри" со силнаројугословенска ориентација. Овие кадри ги сметаа за "непријателски" изјавите и барањата за поголема самостојност на Македонија или некакви други, различни опции за решавањето на македонското национално прашање од она веќе оствареното во рамките на југословенската федерација[23].

Но, историјата им даде за право на Ченто и на оние асномски дејци, кои сметаа дека авнојска Југославија е само една фаза во

[20] Организациите на КПМ, мошне често го претресувале т.н. прашање на "сепартизмот и автономизмот" при што за ваквата појава бил известено и расправало и Политбиротот на ЦК КПЈ. Притоа, како претставници на "антипартиска група= во КПМ биле посочени: Методија Андонов - Ченто, Димитар Влахов, Михаило Апостолски, Лазар Соколов, Венко Марковски, Петре Пирузе - Мајски, Емануел Чучков, Киро Глигоров и други. Овие претставници на македонското национално-ослободително движење ги критикувале појавите на прекумена репресија во расчистувањето со наводните "класни" и други непријатели во Македонија, ја критикувале недемократската практика во работата на Комунистичката партија, се спротивставувале на наметнатата кадровска политика од монопол, сообраќај, војска" итн (ДАРМ, ф: ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение к-1, а.е. 65, Записник од состанок на секретарите на окружните комитети, 18.VIII 1945; Архив на ЦК СКЈ, III C/8, CK CKJ-a, Централном комитету СКОЈ-а Београд, 7.XИ 1945).

[21] Ачкоска В., Местото и улогата на владите на Македонија 1945-1995, Гласник на ИНИ, 39/1-2 Скопје, 1995, 15.

[22] Вчера се откри вонредното заседание на АСНОМ, "Нова Македонија", год.II/88, 15.IV 1945.

[23] Тоа е мошне видливо и во говорот што Колишевски како прв претседател на народната Влада на Федерална Македонија, го одржал на 17 април 1945 година на вонредното заседание на АСНОМ. Речиси целиот говор е негаторски во однос на повеќето барања на македонските кадри во однос на целосното (или некое пшнакво) решавање на македонското национално прашање. Помеѓу другото, оценувајќи го македонскиот сепартизам" како една од големите опасности за авнојска Југославија, Колишевски се залага за "јасна" политика кон Србите во Македонија барајќи да им се дадат училишта на мајчин јазик, исто така како што му се дадоа на турското и албанското малцинство..." (Колишевски Л., Основната опасност за братството и единството на нашите народи е сепартизмот, "Аспекти на македонското национално прашање", Култура, Скопје 1962, 21-26).

решавањето на македонското национално прашање. На 8 септември 1991 година, со рефередум, македонскиот народ прогласи целосна независност и сувереност во однос на СФРЈ. Ова осамостојување беше логичен чин во следот на пропаѓањето на социјализмот како општествен систем и разградувањето на социјалистичките федерации[24], но и на целосна реализација на историското право на македонскиот народ за своја независна суверена држава[25].

На целосното осамостојување претходеа уставните промени (амандмани) од 1989 година со кои беше дадена поголема самостојност на републиките во однос на федерацијата. Во тие рамки, Македонија е дефинирана како "национална држава на македонскиот народ" и како "заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и народности кои живеат во неа" (Амандман LVI). Чекор понапред во овој правец е направен во текот на 1990 година, кога за прв пат републичкиот устав се носи пред сојузниот. Истовремено, тогаш за прв пат беа утврдени начинот и постапката на одлучување за правото на самоопределување, вклучително и правото на отцепување од федерацијата. Тргнувајќи од оваа одредба и право, во процесот на распаѓањето на СФРЈ[26], македонскиот народ се самоопредели да ја остварува својата државност надвор од рамките на авнојската

[24] По донесувањето на Уставот од 1974 година во СФРЈ се случуваа процеси кои водеа кон натамошно слабеење на федералните органи и на Федерацијата во однос на републичките надлежности. Во периодот што следи станувало сè поочигледно дека модалитетите на федерацијата изградувани со уставите од 1946, 1963 и 1974 година не можат повеќе да функционираат. Обидите и предлозите да се зачувува поголема концентрација на моќта на федерацијата наспроти сувереноста на федералните единици во услови на отсуство на реални демократски механизми на контрола на федерацијата и ефикасност на нејзините функции определени со Уставот од 1974 година водеа кон се поголема испразнетост и неодржливост на таквиот модел (Мирчев Д., Драмата на плурализацијата, Скопје, 1991, 64).

[25] Методија Андонов Ченто - документи,... док. бр. 22, 87-88

[26] Процесот на распаѓањето на СФРЈ беше проследен со неверојатно брзо распаѓање на моделите на здружување, системите на функционирање во многу витални сфери во доменот на општеството и сите негови сегменти. Во текот на 1990 година, по неуспехот на XIV Конгрес на СКЈ кој всушност ја започна својата работа во драматична атмосфера на распаѓање на системот на еднопартиска држава во скоро сите источно-европски земји, стана доминантна идејата за партиско-политички плурализам како главна точка во движењето кон систем на парламентарна демократија. (Милосавлески С., Страв од промени, Скопје 1991, 8).

федерација, започнувајќи длабоки општествено-економски и политички промени со воведување на демократизација и плурализам во сите домени од општествениот живот[27].

На 8 јануари 1991 година се конституира еднодомно Собрание на Републиката составено од избраните пратеници кои припаѓаа на различни политички партии и други организации[28]. Така, во политичкиот живот на Македонија беа внесени елементи на парламентарен систем. Во текот на 1991 година, првото плуралистичко собрание (парламент) и првата избрана влада[29] од него, донесоа низа битни одлуки за натамошниот тек и развој на македонската државност[30].

Во јуни истата година од името на државата се изостави назнаката "социјалистичка" и се утврди уставното име Република Македонија. На 8-ми септември беше одржан референдумот[31] на

[27] Како резултат на ваквите крупни полтички промени во текот на ноември 1990 година беа спроведени парламантарни повеќе партиски избори. Првиот круг на повеќе партиските парламентарни избори во Македонија беше одржан на 11 ноември, а вториот на 25 ноември 1990 година (Ковачевич С., Дајич Р., Хронологија југословенске кризе 1942-1993, Институт за европске студије, Београд 1994, 28).

[28] Еднодомниот повеќепартиски македонски парламент беше составен од пратеници од 9 политички партии, од 4 партиски коалиции и тројца независни кандидати. Притоа најбројни беа пратениците на: ВМРО-Демократска партија на Македонско национално единство (38), СКМ - Партија за демократска преобразба (31), Партија за демократски просперитет во Македонија (17) и Сојуз на реформските сили на Македонија (11) (Циков С., Македонија во комунистичкиот триаголник, Скопје 1993, 189).

[29] Мандат за избор на новата Влада беше доверен на д-р Никола Кљусев. Оваа Влада избрана на 20 март 1991 г., и покрај учевството на повеќе партии во нејзиното оформување и присутните партиски компромиси, со оглед на стручноста на повеќето нејзини членови определени за водење на одделни селектори, позната е како експертска влада. (Види за составот на владата: службен весник на СРМ, 12/1991).

[30] На 25 јануари 1991 г Собранието на Македонија ја усвои Декларацијата за независност и Платформата за преговори за иднината на Југославија. Активностите и работењето на Владата беа поврзани со низа тешкотии и на внатрешен и на надворешен план. Во периодот додека траеше мандатот на д-р Никола Кљусев (20.3.1991, со Уставен закон (22.1.1992) определено РМ да не учевствува во работата на Собранието на СФРЈ, на Претседателството на СФРЈ и во другите сојузни органи, беше постигнат договор со Генералштабот на Југословенската армија за напуштање на територијата на Собранието на СФРЈ, на претседателството на СФРЈ и во другите сојузни органи, беше постигнат договор со Генералштабот на Југословенската армија за напуштање на територијата на РМ (февруари 1992), со што единиците на ЈА до 27.3.1992 година, сосема мирно, ја напуштија територијата на РМ; донесена е македонска валута - денар (25.4.1992); отфрлена е Лисабонската декларација на Европскиот совет која го негира името Македонија (3.7.1992); од страна на собранието усвоена е одлука (29.7.1992) за стапување на РМ во членството на Организацијата на Обединатите нации и други активности.

[31] Од вкупно запишаните 1.495.626 гласачки гласале 71,85%, а од нив дури 95,32% се изјасниле за самостојна и суверена држава (Гоцевски Т., Првите чекори кон автономен одбрандбено-заштитен систем, Зборник АСНОМ - педесет македонска држава 1944-1994", Скопје 1995,490).

кој граѓаните на Македонија ја изразија својата суверена волја Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава. На 17 ноември беше усвоен и првиот Устав на Република Македонија како суверена и независна држава. Уставот на РМ за прв пат ја дефинира Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држва. Тој претставуваше наполно самостоен уставен акт, заснован врз сувереноста и правата на граѓаните[32].

Со создавањето на современата држава на македонскиот народ се заврши процесот на конституирање на национални држави на Балканот. Тоа право другите балкански народи го релизираа во текот на XIX и во почетокот на XX век. Србија, Грција, Бугарија и Албанија се формираа како национални држави, кои во секој случај се, признавале или не, мултиетнички и мултикултурни општества. Македонците во рамките на овие држави, особено во егејскиот[33] и пиринскиот[34] дел, беа изложени на најразлични видови на асимилација и истребување. И покрај тој историски факт, европската формула за мултиетнички општества експериментално се промовира во РМ, а преточена во Рамковиот договор, под форма

[32] Гоцевски Т., Првите чекори кон автономен одбрандбено-заштитен систем,... 491-492.

[33] Само како последица од балканските и Првата светска војна, 50.000 Македонци емигрирале од Егејска Македонија. На истиот простор, со грчко-турскиот договор од 1923 година, биле населени 640.000 Грци од Турција, а 40.000 исламизирани Македонци од Егејска Македонија, се иселиле заедно со Турците. Во периодот од 1923-1928 година од Егејска Македонија во соседните држави се иселиле околу 43.000 Македонци. Во текот на Втората светска војна и во Грчката граѓанска војна до крај застанаа на страната на демократијата и антифашизмот, Македонците доживеа нови погроми и нов најсилен егзодус. Со иселувањето од Грција на уште околу 12.000 Македонци беше исполнет планот на грчката десница, направен во декември 1944 година за ликвидација, депортирање и присилно изгонување на т.н Грци, Славофони (Види: Симовски Х. Т., Етничките промени во Егејска Македонија во XX", Здружение на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија, Скопје 2002,35-75).

[34] Пиринскиот дел од Македонија по 1944 г остана во црвената зона на светскиот комунизам и неговата судбина се реши со нарушувањето на југословенско-советските односи во 1948 година, со прекинувањето на преговорите федерација помеѓу Тито и Димитров. За жал, дел од бугарската истиографија се уште не може да го прифати фактот за македонската национална посебност и државотворност, сметајќи дека во "Повардарието" се устроила "некаква државност" што го носи "името Македонија". Притоа, некои бугарски историчари кои не излегле од историскиот круг на Сан Стефано, забаровајќи ја улогата на Бугарија во периодот од 1941-1944 година, го нагласуваат учевството на бугарската армија, по септември 1944 година во ослободувањето на Македонија од туѓинска окупација. (Јовчева Г., Изселениците от Македония и политиката на НКОП в Повардарието 1944-1946 г., Военноисторически сборник, год. LXVIII/6, Софир, ноември-декември 1999,31-50).

на хармонизација на меѓуетничките односи и мултикултурно живеење санкционира гетоизација на колективитети во едно сепаратно општество[35].

Изедначувајќи го демосот и етносот, европската заштита на културниот и лигвистички диверзитет тука се трансформира и во посебен политички статус. Со тоа експлицитно, на македонскиот народ му го одзедоа правото да биде носител на државниот суверенитет и да биде рамноправен со другите балкански народи, му го одзедоа правото не само на национална држава, туку и на граѓанска. Всушност, македонскиот народ како конституитивен народ на Демократска Федерална Македонија ја констатира историската и етничката - државотворна димензија во конституитивните документи и во 1944 и во 1991 година. Суверенитетот и во 1944 и во 1991 г. беше лоциран кај поединецот (граѓанинот), независно од етничката, религиозната или јазичната посебност. Но, со Рамковиот договор, граѓанската формула на позитивно оценетиот и демократски устав од 1991 година (без оглед на сите негови слабости) се замени со клаузулите на етнички колективитети или т.н. "заедници"[36].

Историските актери во 2001 година со еден потег ги негираа историските придобивки на АСНОМ прифаќајќи промена на Преамбулата на Уставот од 1991 година. Во оваа Преамбула, како и во бројни други устави само се констатираше историската и етничката (државотворна) димензија[37]. Историјата не познава

[35] Притоа Албанците постојано бараа граѓански и "човекови" права, а се однесуваа со невидена граѓанска непослушност кон институциите на системот. Нивните вистински цели, односно на одредени политички сили на Албанците јасно се покажаа уште во почетокот на 1992 година кога беше спроведен нелегален "референдум" за прогласување на албанска автономна област "Илирида" или со нивното бојкотирање на пописот во 1994 година или во барањето на чисти етнички парарелки и универзитет.

[36] Всушност повеќеденециската геотизација на Албанците создаде одделни "острови" на нивната специфична култура свртена исклучиво кон матицата, а не кон државата каде егзиститраат како рамноправни граѓани. Таквата гетоизација продуцираше етничка нетолеранција и отсуство на желба за заедничко живеење. Од своја страна, за разлика од своите балкански соседи, Македонците никогаш не вршела смислена и агресивна асимилација, трудејќи се низ историјата да коегзистираат со етнички и верски различни од себе.

[37] Веднаш по потпишувањето на Рамковиот договор, другиот ден, на 14.8.2001 година реагираа учесниците на XXVIII-та научна конференција на XXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, кои помеѓу другите ставови во однос на овој документ, заклучуваат: "Со преформулацијата на Преамбулата на Уставот на Република Македонија се врши целосно обезличување на македонскиот народ и се омаловажува неговиот вековен стремеж и неговата непрекината борба за сопствена национална држава. Со ова, исто така, се зголемува неправдата нанесувана на овој народ во текот на неговата историја". (XXVIII научна конференција, XXIV-от меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 2001).

ваков пример на промена на преамбулата без промена на Уставот, туку примерот е спротивен, повеќето земји ги променуваат уставите без да ја променат преамбулата. Во асномските документи се инсистира на историскиот континуитет на борбата и историското право на Македонците за своја национална држава, при што малцинствата ќе ги уживаат сите демократски граѓански права. Во рамките на македонската држава, тие имаа право на слободен национален живот и право на рамноправност како граѓани еднакви со државотворниот народ, кое всушност беше инаугурирано во целокупното законодавство на Републиката.

Врз тоа историско наследство, во Преамбулата на Уставот од 1991 година е констатирана историската и државотворна (етничка) димензија, а во нормативниот дел суверенитетот се лоцира кај поединецот (граѓанинот), независно од етничката, религиозната или лингвистичката посебност. Но, во "рамковните" промени на Преамбулата се изоставени, меѓу другото, категориите "уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во федеративна Југославија", "македонскиот народ" и "граѓанска демократска држава".

Рамковните клаузули инаугурираат "концепт на заедници", кој во својата основа има чисто етничко значење. Етничноста се извлекува од сферата на идентитетот, културата, јазикот и се пренесува во сферата на политиката, институциите и на правото[38]. Државата станува држава на колективитети во политичка и институционално-правна смисла, со што се нагризува и нејзиниот унитарен карактер, а граѓанските слободи и индивидуализмот се заменуваат со колективни права на етносот. Така, македонскиот народ, од конституитивен народ се сведува на "заедница", која е непозначница како уставноправна категорија, а тоа значи дека директно го губи државотворниот статус. Европското искуство

---

[38]Во повеќе членови од Рамковата спогодба (вклучувајќи ги и анексите) се среќава формулацијата дека одделни решенија на Собранието на Република Македонија ќе се донесуваат не само со мнозинство (двотретинско или просто) туку во рамките на тоа мнозивство се бара да има "мнозинство од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои се на мнозинско население во Македонија" (Точка 5 од Рамковиот договор каде се бара воведување на "посебни собраниски процедури"). Со востанувањето на ваквите принципи, фактички се воведува принципот на т.н. консензулана демократија, со која многу лесно ќе може според одредени цели и потреби (со притисок и уцени) да се блокира функционирањето на државата.

познава вакви заедници како социо-културна и политиколошка категорија, а не како уставноправна[39].

Тргнувајќи од државотворната димензија на македонскиот народ, македонскиот јазик беше прогласен за државен јазик на македонската држава од 1944 година, па натаму, а тоа беше утврдено и во првиот Устав на суверена Република Македонија. Рамковите клаузули за службениот јазик одат над решенијата карактеристични за унитарните држави[40]. Со концептот на "заедници", етничноста се брише од преамбулата, но се воведува во нормативниот дел, така што без официјална промоција, зад паролата за мултиетничко општество суптилно се промовира мултиетничка држава, односно федерализација на РМ како чекор кон нејзино разградување, што во крајниот исход е во полза на големоалбанската кауза. Историската дистанца ќе просуди колку претставниците на едната или другата т.н. "заедница" биле свесни или се стремеле кон ваквиот од во историјата.

Затоа, на крајот останува заклучокот дека генерацијата на асномските дејци, на оние кои ги поставувале темелите на современата македонска држава во далечната 1944 година, имале далеку повиска национална свест, свест за македонската државотворност, отколку бројни претставници на современиот политички живот на Република Македонија, особено потписниците на Рамковниот договор, кој историски претставува антитеза на АСНОМ. Во тие историски процеси, долгата традиција на немање традиција за демократија во повеќедецениското еднопартиско владеење, се врати како бумеранг. Колективизмот и колективната свест на одредени етнички заедници, политички опции и партии сѐ уште доминираат над она што треба да биде слободен избор на личноста, индивидуализам и европска граѓанска опција. Тоа го покажа и во многу сегменти ретроградниот во овие процеси Рамковен договор од 2001-та година.

---

[39] Терминот "етнички заедници" се среќава во имиграционите општевства за означување на неаглофонските групи во Канада, Австралија, САД.

[40] Во Анекс А, член 7 од Рамковиот договор во т.1 стои: "Низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо", а во т.2 се дополнува: "Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението исто така е службен јазик, и неговото писмо, како што е подолу специфицирано". Во натамошниот текст на членот 7 се дообјаснува употребата на јазикот за личните документи на граѓаните, комуникацијата на регионалните канцеларии со централната власт, употребата на јазиците во локалната самоуправа итн. Притоа, мошне непрецизна формулација, во однос на јазикот на граѓаните, може да се прототолкува и на еден вулгаризиран начин. Имено, со оглед на фактот дека повеќето од 20% од граѓаните на Македонија (многу повеќе од оние кои го зборуваат албанскиот или турскиот јазик) го зборуваат англискиот и српскиот јазик (или рускиот или германскиот) може слободно да побараат втор службен јазик во РМ да биде англискиот или српскиот.